# СООПШТЕНИЕ ЗА ЗАВЕРКА НА ЛЕТЕН И УПИС НА ЗИМСКИ СЕМЕСТАР ЗА II ЦИКЛУС НА СТУДИИ ЗА ТЕКОВНИ СТУДЕНТИ НА ФИНКИ

**Заверката** на **летниот** и **уписот** на **зимскиот** семестар во учебната **2018/2019** за студентите од **II циклус на студии – магистерски студии** ќе се врши од

**05.11.2018** до **09.11.2018** година

од **09:00** до **15:00 ч** на шалтерот на Студентската служба на ФИНКИ во зградата на ТМФ.

**Потребни документи за запишување на зимскиот семетар:**

**За СИТЕ студенти на втор циклус:**

1. **Индекс**
2. **Образец за заверување на семестар со 50,00** ден. административна такса
3. **Образец за запишување семестар** со **50,00** ден. админ. такса (доставуваат сите студенти кои сеуште не магистрирале, односно се запишува празен семестар)
4. **Интерен пријавен лист** (линк) (само за студентите кои запишуваат предмети)
5. **Уплатница** за следната рата од школарината, согласно договорот за студирање (за студентите кои студираат на двегодишни студии, а се запишани во учебната 2017/2018)

**За студенти кои преслушуваат предмет (**односно заклучно со август/септем. испитен рок не ги положиле предметите од зимскиот семестар од учебната 2017/18 година**) дополнително се потребни:**

6. **Уплатница** (во вредност на кредитите што ги носат предметите кои се преслушуваат според студиската програма)

цена на чинење на 1 кредит = 1/60 од вредноста на студиската програма за едногодишните, односно 1/120 за двогодишните студиски програми.

Уплатата се врши во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ на денот на уплатата

***НАПОМЕНА:***

**За задоцнет упис на семестар до 30 дена студентите плаќаат 500,00ден. казна на факултетската жиро с-ка.**